Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-43/2

Датум: 26-01-2024

До

[redacted])

Предмет: Известување

Врска (Ваш број):

Почитуван,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-43/1 од 10.01.2024 година, во кое Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]) и по пошта, препис од следната информација:

1. Да се наведат и цитираат сите поднесоци (претставки, дополненија, барања) од подносителите на ПКБ Безбедност и д-р Страшо Глигоров врз чија основа би извршен сеопфатен инспекциски надзор и изготвен Записник за извршен инспекциски надзор број Ип.1.14-768/3 од 23.03.2023 година. За секој поднесок да се наведе: кој бил подносител на поднесокот (претставка, дополнение, барање), дата и под кој број бил примен и заведен поднесокот во Агенција за млади и спорт, кој бил предметот на поднесокот, кој бил опфатен со извршениот инспекциски надзор, поврзан против работата на Боречка федерација на РСМ во периодот од 01.01.2029 година се до денот на поднесената иницијатива за кој бил изготвен Записник за извршен инспекциски надзор број ИП 1 14-768/3 од 23.03.2023 година.

Инспекцискиот совет, во повеќе наврати наведува дека од страна на Агенцијата за млади и спорт е извршен сеопфатен инспекциски надзор во кој се опфатени сите доставени поднесоци (претставки, барања, дополненија) поврзани 1.против работата на Боречка федерација на РСМ во периодот од 01.01.2029 година се до денот на поднесената иницијатива за кој бил изготвен Записник за извршен инспекциски надзор број ИП 1 14-768/3 од 23.03.2023 година, меѓутоа Советот не ги навел и цитирал поднесоците поднесоци (претставките, дополненијата, барањата) од подносителите на ПКБ безбедност и д-р Страшо Глигоров по кој бил извршен наводниот сеопфатен инспекциски надзор.

Во Иницијативата за поведување дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против инспектор за спорт Васе Ефтимов со број на лиценца А270440001 и Димитар Терзиев со број на лиценца А270440002, издадена на 07.07.2022 година бр. 16-841-2 од 07.09.2023 година од Инспекциски совет на РСМ, НЕ е наведено и цитирано по кои точно поднесоци (претставки, дополненија, барања) од подносителите на ПКБ безбедност и д-р

Страшо Глигоров бил извршен наводниот сеопфатен инспекциски надзор и изготвен Записник за извршен инспекциски надзор број Ип.1.14-768/3 од 23.03.2023 година.

Со оглед на тоа што Вие сте подносител на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-43/1 од 10.01.2024 година и со оглед на тоа што барате да Ви се наведат и цитираат Вашите поднесоци, Вашето Барање не претставува барање за пристап до информации од јавен карактер, туку е барање од личен интерес. Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) обезбедува остварување на јавен интерес, опишан и таксативно наброен во член 3 став 1 алинеја 7 и гласи: „Јавен интерес во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации со чие што објавување 1.ќе се открие злоупотреба на службената положба и корупттивното однесување; 2.ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства; 3.ќе се открие потенцијален судир на интереси; 4.ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето; 5.ќе се спречи и открие загрозување на животната средина; 6. Ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и 7. ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите". Законската дефиниција на "јавниот интерес" значи дека остварувањето на јавниот интерес подразбира остварување на интересот на пошироката заедница како целина, којшто има првенство пред индивидуалните потреби и права на поединците.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,

Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил/а: Андријана Алексова, советник

Проверил/а:Маја Срезоска, раководител на Сектор